РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHI AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3710/2
20.09.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 12-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.09.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Зоран Фиданоски (годишен одмор).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради образложување на Извештајот на работата на АВМУ за 2023 година, во Собранието на РСМ.**

**Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска го заменуваше директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 12-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски, објасни дека јавните седници согласно Законот се наменети за образложение на медиумите, односно радиодифузерите во последен момент да се обратат на Советот и доколку е можно со својот настап да го спречат евентуалното одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување. Бидејќи на седницата немаше претставник од страна на радиодифузерот, ја затвори седницата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**